## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6381 | 1 | |

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: 11 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 11 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта“)

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 декември 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, за време на изборниот молк, објави изјава од носител на функција во орган на власта.

Во периодот од 14 часот и 8 минути до 14 часот и 10 минути, во рамки на вестите во 14 часот, *Во Зенит со Нова*, емитувана е изјава на Митко Чавков, директор на Биро за јавна безбедност, кој е носител на функција во орган на власта. Истата изјава е емитувана уште три пати, во периодите од 15 часот и 11 минути до 15 часот и 13 минути, од 16 часот и 27 минути до 16 часот и 29 минути и од 17 часот и 48 минути до 17 часот и 50 минути.

**11.12.2016**

| Период на емитување на изјавата | Опис: |
|---|---|
| 14:08:48 – 14:10:50<br>15:11:14 – 15:13:16<br>16:27:10 – 16:29:12<br>17:48:47 – 17.50.49 | Изјава на Митко Чавков, директор на Биро за јавна безбедност, носител на функција во орган на власта. |

***Сектор за програмски работи***